**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр. 08-489**
**01.11.2018 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 2, член 82 став 1 алинеја 5 и член 83 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17 и 168/18), а во врска со член 62 став 6 од истиот закон, член 22 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување бр.01-5774/1 од 21.11.2014 година со измена и дополнување бр.01-3336/1 од 08.05.2015 година, член 51 став 1 и став 3 и член 52 став 2 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија", бр. 124/15), член 14 од Законот за управните спорови („Службен весник на Република Македонија", бр.62/06 и 150/10), постапувајќи по Предлогот Уп1 бр.08-489 од 16.10.2018 година, за покренување постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво РТВ ОРБИС Битола ДООЕЛ – во стечај (со претходен назив Трговско радиодифузно друштво РТВ ОРБИС Битола ДООЕЛ), бр.08-53 од 05.01.2015 година, а согласно Заклучокот, бр.02-4733/2 од 31.10.2018 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 43-та седница одржана на 31.10.2018 година донесе:

# ОДЛУКА
## за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво РТВ ОРБИС Битола ДООЕЛ – во стечај (со претходен назив Трговско радиодифузно друштво РТВ ОРБИС Битола ДООЕЛ)

1. СЕ ОДЗЕМА дозволата за телевизиско емитување, бр.08-53 од 05.01.2015 година на Трговското радиодифузно друштво РТВ ОРБИС Битола ДООЕЛ – во стечај (со претходен назив Трговско радиодифузно друштво РТВ ОРБИС Битола ДООЕЛ), поради неисполнување на обврската од член 62 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17 и 168/18) и член 22 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување бр.01-5774/1 од 21.11.2014 година со измена и дополнување бр.01-3336/1 од 08.05.2015 година, со оглед на фактот дека радиодифузерот не ги исполнил минималните кадровски услови од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување, односно затоа што по издавањето на дозволата настанале околности што претставуваат законски пречки за имателот на дозволата да ја врши дејноста.
2. Одлуката се објавува во „Службен весник на Република Македонија", на веб страницата на Агенцијата и во два дневни весници, од кој едниот дневен весник на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија.

3. Оваа Одлука е конечна.

**О б р а з л о ж е н и е**

Трговското радиодифузно друштво РТВ ОРБИС Битола ДООЕЛ – во стечај (со претходен назив Трговско радиодифузно друштво РТВ ОРБИС Битола ДООЕЛ), е имател на дозвола за телевизиско емитување, бр.08-53 од 05.01.2015 година, за емитување преку јавна електронска комуникациска мрежа која не користи ограничен ресурс, на локално ниво, за подрачјето на Општина Битола, Општина Могила, Општина Новаци и Општина Ресен, телевизиски програмски сервис со општ формат во кој застапените видови програми ги остваруваат сите три медиумски функции, на македонски јазик.

Согласно член 62 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, за обезбедување на телевизиско или радио емитување покрај условите и обврските пропишани во овој закон, радиодифузерот треба да исполнува посебни минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови во зависност од програмскиот формат, пропишани со подзаконски акт донесен од страна на Агенцијата.

Согласно член 27 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Агенцијата врши административен надзор, кој се врши на работењето на издавачите на медиуми, од аспект на усогласеноста на нивното работење со условите утврдени со Законот за медиуми, Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и другите прописи, донесени врз основа на него (член 29 став 1 од цитираниот Закон).

Во член 22 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување бр.01-5774/1 од 21.11.2014 година, со измена и дополнување бр.01-3336/1 од 08.05.2015 година, бројот и структурата на вработените лица за телевизија на локално ниво, треба да биде најмалку 5 (пет), од кои 3 (три) со висока стручна спрема (ВСС), вработени како новинари.

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги при проверка на Службен весник на Република Македонија бр.19/18 од 30.01.2018 година, констатираше објава дека Основниот суд Битола со Решение Ст.бр. 248/17 од 24.01.2018 година повел претходна постапка заради утврдување на условите за отварање стечајна постапка над должникот Трговско радиодифузно друштво РТВ ОРБИС Битола ДООЕЛ. Исто така, при редовна проверка констатираше и објава на наведеното на веб страницата на Централниот регистар на Република Македонија на 29.01.2018 година.

Потоа, во Службен весник на Република Македонија бр.52/18 од 22.03.2018 година, објавено е дека Основниот суд Битола со Решение Ст.бр. 248/17 од 16.03.2018 година објавил предлог за отворање стечајна постапка над имотот на должникот Трговско радиодифузно друштво РТВ ОРБИС Битола ДООЕЛ, како и дека за стечаен управник се определува м-р економист Ели Божиновска од Битола, овластен стечаен управник. Цитираното Решение е упишано и во Централниот регистар на Република Македонија на 21.03.2018 година, а на 22.03.2018 година е регистрирано дека со Решение Ст.бр. 248/17 од 16.03.2018 година на Основниот суд Битола, предлогот за отворање на стечајна постапка над должникот Трговско радиодифузно друштво РТВ ОРБИС Битола ДООЕЛ, се усвојува и се отвора стечајна постапка над наведениот должник и дека се закажува испитно рочиште на 26.04.2018 година.

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во насока на преземање понатамошни дејствија од аспект на одредбите од Законот за аудио и

аудиовизуелни медиумски услуги, по повод објавата во Службен весник на Република Македонија бр.52/18 од 22.03.2018 година, дека со Решение Ст.бр. 248/17 од 16.03.2018 година на Основниот суд Битола се отвора стечајна постапка над должникот Трговско радиодифузно друштво РТВ ОРБИС Битола ДООЕЛ, до стечајниот управник Ели Божиновска од Битола достави допис - Барање информации наш арх.бр. 03-1724/3 од 13.04.2018 година, со кој побара детални информации за текот или за евентуалниот исход на постапката.

На 20.06.2018 година, до Агенцијата доставено е Известување од стечајниот управник на Трговско радиодифузно друштво РТВ ОРБИС Битола ДООЕЛ – во стечај наш арх.бр.03-1724/4, во кое ја информира Агенцијата дека над Трговско радиодифузно друштво РТВ ОРБИС Битола ДООЕЛ – во стечај со Решение Ст.бр. 248/17 од 16.03.2018 година е отворена стечајна постапка и дека на ден 07.06.2018 година е одржано извештајно собрание на кое е одлучено дека постои можност од продолжување на деловниот потфат над Трговското радиодифузно друштво РТВ ОРБИС Битола ДООЕЛ – во стечај, а извештајното собрание за гласање на доверителите со право на глас за тоа дали деловниот потфат да продолжи и да се прифати предлог иницијативата од стечајниот управник за план за реорганизација ќе се гласало на 18.06.2018 година. Во цитираното Известување од страна на стечајниот управник доставено до Агенцијата е напоменато дека „сега" дејноста ја обавуваат две лица, а по изгласувањето на планот ќе се усогласат со пет вработени.

Заради добивање информации за текот на постапката, особено дали е одржано Извештајното собрание, што е одлучено на истото, како и дали има промена на бројот и структурата на вработените лица, или други евентуални промени во ТРД РТВ ОРБИС Битола ДООЕЛ – во стечај, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги до стечајниот управник, Ели Божиновска достави допис – Барање информации во врска со Ст.бр.248/17 од 16.03.2018 година наш арх.бр.03-1724/5 од 10.08.2018 година.

До Агенцијата, на 04.07.2018 година, доставена е Тековна состојба за субјектот Трговското радиодифузно друштво РТВ ОРБИС Битола ДООЕЛ – во стечај, издадена од Централниот регистар на Република Македонија на 02.07.2018 година.

На 23.08.2018 година, од страна на стечајниот управник на Трговското радиодифузно друштво РТВ ОРБИС Битола ДООЕЛ – во стечај, до Агенцијата доставено е Известување наш арх.бр.03-1724/6 од 23.08.2018 година, дека на 18.06.2018 година на Извештајното собрание на доверители донесена е одлука деловниот потфат да продолжи и да се изготви план за реорганизација кој ќе го изготви стечајниот управник во име на должникот и кој ќе се достави до сите доверители, во прилог на што достави Записник од Извештајното собрание.

На 03.09.2018 година, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги до стечајниот управник на ТРД РТВ ОРБИС Битола ДООЕЛ – во стечај, достави допис - Барање во врска со СТ.бр.248/17 од 16.03.2018 година наш арх.бр.03-1724/7, со кое побара од Стечајниот управник да и биде доставен Планот за реорганизација.

Агенцијата, од страна на стечајниот управник на ТРД РТВ ОРБИС Битола ДООЕЛ – во стечај, на 04.09.2018 година по електронски пат беше известена дека планот за реорганизација бил во фаза на изготвување, дека истиот ќе биде со рок на исполнување од 3 години, како и дека штом ќе биде правосилен и прифатен, ќе и биде испратен на Агенцијата.

На 11.09.2018 година, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги повторно испрати допис – Барање податоци за бројот на вработени (наш

арх.бр.03-4013/1) до Ели Божиновска – стечаен управник на Трговското радиодифузно друштво РТВ ОРБИС Битола ДООЕЛ– во стечај, со кој побара во рок од 7 (седум) дена од денот на приемот на дописот, до Агенцијата, да достави документи (Преглед на пријави/одјави во задолжително социјално осигурување за деловен субјект, издаден од Агенција за вработување на Република Македонија, и договори за дело и/или авторски договори за лицата ангажирани во радиодифузерот), во оригинал или фотокопии заверени на нотар, од кои што ќе може да се констатира дека Трговското радиодифузно друштво РТВ ОРБИС Битола ДООЕЛ– во стечај ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио или телевизиско емитување. Во Агенцијата е доставена повратница од Македонска пошта дека дописот бил уредно примен на 14.09.2018 година, така што рокот за доставување на документите истекуваше на 21.09.2018 година.

Со оглед на наведеното на 21.09.2018 година, Агенцијата достави допис и до стечајниот судија, Снежана Дојчиновска (наш арх.03-1724/9), во насока на преземање на соодветни дејствија согласно своите законски надлежности, побара да и бидат доставени информации за бројот и структурата на вработените лица кај ТРД РТВ ОРБИС Битола ДООЕЛ – во стечај (со претходен назив ТРД РТВ ОРБИС Битола ДООЕЛ) и ангажираните лица по друг основ.

Имајќи предвид дека до Агенцијата не беше доставена побараната документација, на 01.10.2018 година, Агенцијата, до Ели Божиновска – стечаен управник на Трговското радиодифузно друштво РТВ ОРБИС Битола ДООЕЛ– во стечај, уште еднаш испрати допис – Барање податоци (наш арх.бр.03-4013/2) со кој на радиодифузерот му беше укажано дека е должен потребната документација да ја достави веднаш по приемот на дописот и дека доколку не постапи по него Агенцијата ќе покрене постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување. Во Агенцијата е доставена повратница од Македонска пошта дека дописот бил уредно примен на 02.10.2018 година.

Заклучно со 08.10.2018 година, од страна на Трговското радиодифузно друштво РТВ ОРБИС Битола ДООЕЛ– во стечај, до Агенцијата не беа доставени потребните документи.

На 09.10.2018 година, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги изврши вонреден административен надзор над субјектот на надзорот ТРД РТВ ОРБИС Битола ДООЕЛ– во стечај (со претходен назив ТРД РТВ ОРБИС Битола ДООЕЛ), при што во Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.03-4445/1 од 09.10.2018 година беше констатирано дека ТРД РТВ ОРБИС Битола ДООЕЛ– во стечај (со претходен назив ТРД РТВ ОРБИС Битола ДООЕЛ) не ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио или телевизиско емитување. Следствено на тоа, во Извештајот беше даден предлог Директорот на Агенцијата да достави предлог до Советот за покренување постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво РТВ ОРБИС Битола ДООЕЛ – во стечај (со претходен назив Трговско радиодифузно друштво РТВ ОРБИС Битола ДООЕЛ), бр.08-53 од 05.01.2015 година.

Во член 23 став 1 алинеја 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, е утврдено дека доколку се констатира непочитување на одредбите од цитираниот Закон и подзаконските акти донесени врз основа на него, како и од условите и обврските утврдени со дозволата и другите акти на Агенцијата, против издавачот на медиум, Директорот на агенцијата може да

презема мерки, односно да достави Предлог до Советот на Агенцијата за одземање на дозволата.

Согласно член 82 став 1 алинеја 5 од Законот за аудио и аудиовизуелно медиумски услуги, Агенцијата ќе ја одземе дозволата за телевизиско или радио емитување пред истекот на рокот за која што е издадена и ќе го избрише радиодифузерот од регистарот на радиодифузери, по претходно доставено писмено известување, доколку по издавањето на дозволата настанат околности, што претставуваат законски пречки за имателот да ја врши дејноста.

Постапката за одземање на дозволата за телевизиско или радио емитување, согласно член 83 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ја покренува Советот по Предлог на Директорот на Агенцијата.

Со оглед на констатираното прекршување на член 62 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и член 22 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување, во согласност со член 83 став 1 и став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а во врска со член 82 став 1 алинеја 5 од цитираниот Закон, Директорот на Агенцијата, достави Предлог Уп1 бр.08-489 од 16.10.2018 година за покренување постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво РТВ ОРБИС Битола ДООЕЛ – во стечај (со претходен назив Трговско радиодифузно друштво РТВ ОРБИС Битола ДООЕЛ) бр.08-53 од 05.01.2015 година.

Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 42-та седница одржана на 17.10.2018 година, со Заклучокот, бр.02-4519/2 од 17.10.2018 година, го усвои Предлогот, Уп1 бр.08-489 од 16.10.2018 година, за покренување на постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво РТВ ОРБИС Битола ДООЕЛ – во стечај (со претходен назив Трговско радиодифузно друштво РТВ ОРБИС Битола ДООЕЛ), доставен од предлагачот, Директорот на Агенцијата.

Во врска со покренатата постапка за одземање на дозволата на Трговското радиодифузно друштво РТВ ОРБИС Битола ДООЕЛ – во стечај (со претходен назив Трговско радиодифузно друштво РТВ ОРБИС Битола ДООЕЛ), бр.08-53 од 05.01.2015 година, а согласно член 82 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Агенцијата на 17.10.2018 година, до радиодифузерот – стечајниот управник достави во писмена форма преку „Македонска пошта“ Скопје, Известување Уп1 бр.08-489 од 17.10.2018 година во кое му беше укажано дека Советот на Агенцијата во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Предлогот на овластеното лице од страна на Директорот на Агенцијата, Уп1 бр.08-489 од 16.10.2018 година, ќе донесе Одлука за одземање на неговата дозвола за телевизиско емитување, поради прекршување на член 62 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и член 22 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување, по што согласно член 85 став 2 од цитираниот Закон, радиодифузерот ќе биде избришан од регистарот на радиодифузери. До Агенцијата е доставена повратница од Македонска пошта дека Известувањето Уп1 бр.08-489 од 17.10.2018 година, било уредно примено на 22.10.2018 година. Исто така, наведеното Известување беше доставено и во електронска форма на 18.10.2018 година на електронската адреса на стечајниот управник на радиодифузерот: eli.bozin@yahoo.com.

На 29.10.2018 година, од страна на вработени лица во Стручната служба на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги до директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, доставено е Известување бр.08-489 со кое се

известува дека заклучно со 09:30 часот на 29.10.2018 година (понеделник), во архивата на Агенцијата не е доставена документација од која што ќе може да се констатира дека Трговското радиодифузно друштво РТВ ОРБИС Битола ДООЕЛ – во стечај (со претходен назив Трговско радиодифузно друштво РТВ ОРБИС Битола ДООЕЛ) ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување.

Во согласност со член 83 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот е должен во рок од 15 дена од денот на приемот на предлогот на Директорот за покренување постапка за одземање на дозволата, да донесе одлука со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот.

Со оглед на фактот дека имателот на дозволата бр.08-53 од 05.01.2015 година - Трговското радиодифузно друштво РТВ ОРБИС Битола ДООЕЛ – во стечај (со претходен назив Трговско радиодифузно друштво РТВ ОРБИС Битола ДООЕЛ) не ја исполнил обврската предвидена во член 62 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и член 22 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио или телевизиско емитување, Советот на Агенцијата врз основа на член 82 став 1 алинеја 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а согласно Заклучокот на Агенцијата, бр.02-4733/2 од 31.10.2018 година, донесе Одлука со која се одзема дозволата бр.08-53 од 05.01.2015 година за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво РТВ ОРБИС Битола ДООЕЛ – во стечај (со претходен назив Трговско радиодифузно друштво РТВ ОРБИС Битола ДООЕЛ), поради тоа што имателот на дозволата не ја исполнил обврската предвидена во член 62 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и член 22 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување бр.01-5774/1 од 21.11.2014 година со измена и дополнување бр.01-3336/1 од 08.05.2015 година, односно поради тоа што по издавањето на дозволата настанати се околности што претставуваат законски пречки за имателот на дозволата да ја врши дејноста.

Согласно член 84 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги, Одлуката за одземање на дозвола за телевизиско или радио емитување е конечна, а против истата имателот на дозволата има право да поднесе тужба до надлежниот суд во рок од 30 дена од денот на нејзиниот прием. Постапката пред надлежниот суд е итна.

Врз основа на погоре наведеното се донесе Одлука како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Одлуката за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво РТВ ОРБИС Битола ДООЕЛ – во

стечај (со претходен назив Трговско радиодифузно друштво РТВ ОРБИС Битола ДООЕЛ) е конечна. Против одлуката за одземање на дозволата, Трговското радиодифузно друштво РТВ ОРБИС Битола ДООЕЛ – во стечај (со претходен назив Трговско радиодифузно друштво РТВ ОРБИС Битола ДООЕЛ) има право да поднесе тужба до надлежен суд во рок од 30 дена од денот на нејзиниот прием.

**Доставено до:**

- Трговското радиодифузно друштво РТВ ОРБИС Битола ДООЕЛ – во стечај – Стечаен управник;
- Секторот за информатичка подршка и општи работи - Архива;
- Секторот за правни работи;
- Назначеното лице во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за водење на Уписникот Уп 1;
- Агенција за електронски комуникации.